# ИЗВЕШТАЈ
# За спроведување на Годишниот план за работа на Центарот за управување со кризи во 2018 година

## 1. Вовед

Одделението за стратешко планирање и програмирање, во Секторот за аналитика, процени и стратешко планирање на Центарот за управување со кризи, е носител на планирањето, организирањето и координирањето со активностите во процесот на спроведување на стратешкото планирање и подготовката и изработката на Годишниот план за работа на Центарот.

Согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/08) и Методологијата за изменување и дополнување број 44-3439/1 од 27.03.2018 година, Одделението за стратешко планирање и програмирање, како функционална надлежност, врши следење и известување за реализацијата на Годишниот план за работа на Центарот и прави анализа на постигнатите резултати при спроведувањето на Програмите, потпрограмите и проектите од Стратешкиот план на Центарот, на почетокот на секоја година за претходната работна година.

Извештајот е подготвен врз основа на направената анализа на реализираните задачи-активности од Годишните планови за работа кои се добиени од организационите единици на Центарот, доставени до Одделението за стратешко планирање и програмирање.

## 2.Цел на извештајот

Целта на извештајот е да се запознае Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија - Сектор за стратегија, планирање и следење со состојбата во Центарот за управување со кризи, од аспект на направената анализа на реализираните задачи-активности од Годишниот план за работа, и да се согледа напредокот во остварувањето на целите, приоритетите и придонесот на Центарот, како орган на државната управа, во остварувањето на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија во 2018 година.

## 3.Анализа на Годишните планови за работа на организационите единици на Центарот

Подготовката и изработката на Годшните планови за работа на Центарот се спроведува преку воспоставен процес на среднорочно и краткорочно планирање, во согласност со Законот за управување со кризи, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, Прирачникот за стратешко планирање, Прирачникот за Планирање, програмирање, буџетирање и извршување и Прирачникот за краткорочно планирање во Центарот за управување со кризи.

За остварување на своите функционални надлежности, како орган на државната управа, а во функција на подршка на реализацијата на своите цели и приоритетите на Владата на Република Македонија, Центарот за управување со кризи, во Годишниот план за работа во 2018 година, ги дефинираше и приоритетно се ангажираше во реализацијата на следните приоритетни задачи-активности:

1. Методолошка, организациска и техничка поддршка во изработката на актите за внатрешна организација и работа на Центарот за управување со кризи; (носител Одделение за управување со човечки ресурси - ОУЧР)
2. Координација на системот за управување со ефектот на административните службеници во ЦУК ( носител ОУЧР )
3. Ревизија на фунционирање на системот на внатрешните контроли во Центарот за управување со кризи (носител Одделение за внатрешна ревизија-ОВР)
4. Сертифицирање на ЦУК според Стандард ИСО 9001:2015 (носител Сектор за подршка на директорот,заменик директорот и управувашките тела во системот за управување со кризи-СПДЗД)
5. Изработка на подзаконски акти произлезени од ЗУК (носител Сектор за правни, општи работи и инспекциски надзор-СПОРИН)
6. Инспекциски надзор за применување на Законот за управување со кризи (носител СПОРИН )
7. Законито, ефикасно, ефективно, рационално и транспарентно трошење на јавните средства (носител Сектор за финансиски прашања-СФП )
8. Имплементација на проектот "Напредна регионална координација при цивилни итни состојби во Западен Балкан" во рамки на Програмата на НАТО-Наука за мир и безбедност –( носител државен советник по овластување д-р Урим Вејсели)
9. Имплементација на активностите од ревидираната физибилити студија за европскиот број за итни повици Е-112 – (носител м-р Душко Петровски, државен советник по овластување)
10. Обезбедување на континуитет во координацијата на процесот на реализација на активностите во надлежност на Центарот согласно стратешките цели, програми и активности за интегрирање на Република Македонија во НАТО и ЕУ; (носител Сектор за меѓународна соработка-СМС)
11. Обезбедување и координација на учество за стручно усовршување, обука и вежбовни активности на вработените во Центарот за управување со кризи во соработка со странски партнери. ( носител СМС)
12. Обезбедување на меѓуреесорска комуникација, координација и соработка во управувањето со кризи ( носител Сектор за операции и координација-СОК)
13. Обезбедување на 24/7 размена на податоци и информации на локално, национално и меѓународно ниво, вклучувајќи и класифицирани податоци, (носител СОК)
14. Организирање и координирање на оперативна и стручна поддршка на Главниот штаб, РЦУК, Регионалните штабови за управување со кризи и субјектите на локално ниво. (носител СОК)
15. Финализирање на процесот на изработка и донесување на Проценета на загрозеност на безбедноста на Р.Македонија од сите ризици и опасности и ажурирање на процените на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје, согласно Процедурата за изработка на истата, ( носител Сектор за аналитика, процени и стратешко планирање-САПСП)
16. Имплементација на Проектот за Еко-базирани решенија во намалувањето на ризици од катастрофи (Еко-ДРР), кој се реализира во соработка со Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA) преку предвидените програмски активности за 2018 година (носител д-р Стевко Стефаноски, државен советник по овластување).

Согласно Прирачникот за краткорочно планирање и организационите единици на Центарот имаат обврска да изработуваат свои краткорочни планови за работа (годишни и месечни) во кои дефинираат свои задачи-активности и определување на носители, одговорности и временска рамка за спроведување - извршување на истите, според функционалните надлежности, согласно Правилникот за организација и систематизација и анализа на истите.

Врз основа на извршената анализа на Годишните планови за работа на организационите единици и Центарот, реализирани се следните задачи-активности:

- Реализирани се 100 инспекциски надзори во единиците на локалната самоуправа и во јавни и приватни трговски друштва од особено значење во Системот за управување со кризи и врз основа на најдената состојба изготвени се 1 годишен и 4 квартални извештаи кои се доставени до надлежните институции за понатамошно процесирање,
- Обезбедена е административно-стручна поддршка на Владините тела за управуање со кризи за одржување на 3 седници на Групата за процена, 3 седници на Управувачкиот комитет и 6 седници на Главниот штаб за управување со кризи,
- Реализирани се вкупно 25 административни обуки ( од кои 10 специјализирани и 15 генерички) за вработените од ЦУК , за зголемување на административните капаситети на вработените,
- За потребите на вработените од ЦУК и вработените во субјектите на Системот за управување со кризи, во текот на 2018 година, подготвени, организирани и реализирани се 14 стручно специјализирани обуки и работилници од областа на управувањето со кризи,
- Реализирани се 3 практични работилници (планирачки конференции) од Програмата за Цивилно - воената соработка – " Планирање, подготовка и реализација на вежби во СУК на национално ниво", во соработка со Амбасадата на САД во Р.Македонија.
- Реализирана е ТТХ вежба на национално ниво од Програмата за Цивилно - воената соработка " Сепфатен одговор - ВОДНО 2018", во соработка и финансиска подршка на Амбасадата на САД во Р.Македонија.
- Реализирана е ТТХ (симулациска) вежба „ Токсичен штит- Скопје 2018", во организација на Националното координативно тело за ХБРН оружје, со цел да се провери функционалноста на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за борбата против заканите од распростанување на оружје за масовно уништување (ОМУ) ,
- Обезбедени се финансиски средства од Европската комисија во сисна од 4.700.000,00 евра, наменети за реализација на проектот Е-112 во рамките на Акциската програма " Migration and asylum, border management and fight against terrprism and prganized crime', за имлементација на истиот во приод2019-2021 година,
- Заокружен е процесот на изработка на Процената на загрозеност на безбедноста на Р.Македонија, од сите ризици и катастрофи
- Реализирани се планираните проектни активности во рамките на програмата за обука на Трети земји во соработка со јапонската агенција за меѓународна соработка- JICA,
- Реализирани се проектните активности во рамките на проектната соработка со МИТ универзитетот од САД-"Next-Generation Incident Comand Sistem". Во рамките на овие проектни активности планирани се и реализирани основни и напредни обуки на национално и локално ниво и со истите се опфатени 368 лица вработени во субјектите на Системот за управување со кризи,
- Отпочнат е процесот за имплементација на ЕУ ИПА програмата за прекугранична соработка со Р.Грција ( IPA Cross Border Cooperation 2014-2020) преку проектите "HELP"- Интегриран оперативен центар за пружање хуманитарна помош и "J-Cross"-Заедничка прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човечки фактор, со реализација на проектните активности,

согласно динамичкиот план за имплементација.

- Реализирани се 3 практични работилници (планирачки конференции) од Програмата за Цивилно - воената соработка – " Планирање, подготовка и реализација на вежби во СУК на национално ниво", во соработка со Амбасадата на САД во Р.Македонија.
- Реализирана е симулациска (ТТХ) вежба на национално ниво од Програмата за Цивилно - воената соработка " Сепфатен одговор - ВОДНО 2018", во соработка со Министерството за одбрана и подршка на Амбасадата на САД во Р.Македонија.
- Подготовка, организација и реализација на симулациска (ТТХ) вежба "Токсичен штит-Скопје 2018 " како завршна фаза на изработката и имплентацијата на национална стартегија за борба против ОМУ и акциски план за борба против заканите поврзани со распростанувањето на оружје за масовно уништување (ОМУ) од септември 2015 година.
- Реализаирани се проектните активности за 2018 година од Проектот за Еко-базирани решенија во намалувањето на ризици од катастрофи (Еко-ДРР)", во соработка со Агенцијата за меѓународна соработка со Јапонија (JICA).

**5. Постигнати резултати во текот на 2018 година**

Со реализацијата на приоритетните задачи-активности планирани со Годишниот план за работа на Центарот за управување со кризи, во текот на 2018 година, постигнати се следните резултати:

- Зајакнати се капацитетите на Центарот за обезбедување на административна и стручна-оперативна подршка на Владините тела (Група за процена, Управувачки комитет и Главен штаб за управување со кризи) во Системот за управување со кризи во процесот на донесување и операционализација на одлуки за одговор при катастрофи и прогласена кризна состојба на дел од територијата на Република Македонија

- Извршено е надоградување и модернизација на воспоставените Информатички-Телекомуникациски системи во ЦУК, како оперативни и аналитички алатки за следење, проценување и предлагање на мерки и активности за справување во сите фази на одговор при катастрофи,

- Унапредена е координацијата помеѓу субјектите во Системот за управување со кризи на национално и локално ниво во процесот на планирање и спроведување на мерки и активности и ангажирање на ресурси за одговор при катастрофи.

- Зајакната е меѓународната соработка на ЦУК со релевантните организации и институции од областа на управувањето со кризи, во рамките на ООН, ЕУ, НАТО и на билатерално ниво.

**Изработил: Митре Десподов**